Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**
**Државен инспекторат за труд**

[redacted]

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Државен инспекторат за труд
Подрачна единица

Бр. 04- 3368/3
09.11. .2018 год.

Република Македонија
Тел. (02) 3 116 110
Сајт: www.dit.mk

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.Весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11), а во врска со член 52 став 3 од Законот за административни службеници ("Сл. Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Директорот на Државниот инспекторат за труд донесе

ОДЛУКА
за невршење на избор по интерен оглас

1. По интерниот оглас број 01/2018 од 19.10.2018 година, за работното место 2 - УПР0101Б04000 Раководител на одделение за буџетска координација, контрола и смедководствено плаќање, Сектор за финансиски прашања (1) извршител, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**, поради тоа што кандидатот што се пријави е неуреден и не ги исполнува условите предвидени во огласот во делот ,,вид на образование,,.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

Образложение:

На ден 19.10.2018 година беше објавен интерен оглас број 01/2018 на Државниот инспекторат за труд за унапредување на Раководител на одделение за буџетска координација, контрола и смедководствено плаќање (1) извршител. Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција, формирана со Решение бр. 3124/5 од 01.11.2018 година, по спроведената постапка за административна селекција за горенаведеното работно место утврди дека во предвидениот рок на огласот се јави еден кандидат, кој што беше неуреден, кој факт е констатиран и во Записник број 04-3368 од 08.11.2018 година. Во објавениот оглас се бараше вид на образование ,,економски науки,, додека кандидатот приложи диплома според која е дипломиран економист, отсек деловна (бизнис) економија, насока финансиско – сметководствен менаџмент, поради што согласно член 52 став 3 од Законот за административни службеници, не се врши избор.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат, има право на жалба во рок од осум дена до Агенцијата за администрација.

Директор
Аљајдин Хавзиу